| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Никола Тодоров, министер за здравство и<br><br>м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство,<br><br>Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и<br><br>Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство |

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина

Скопје, август 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-6388/1
21.08.2014 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, што го утврди на седницата, одржана на 21.08.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство, Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Тахир Хани

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со предложените измени се врши усогласување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/13 и 39/14), според кој се прецизира надлежноста на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во предлог законот се врши промена во надлежноста за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување).

Предлогот на законот за изменување се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина.

Во Предлог законот е содржано решението според кое Државниот санитарен и здравствен инспекторат ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина не предизвикува фискални импликации за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА

Член 1

Во Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/13 и 39/14), во член 17 во ставот 3 зборот „се“ се заменува со зборовите „Државниот санитарен и здравствен инспекторат“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 од предлогот се врши изменување на постојниот член 17 став 3 од законот, во кој се предлага Државниот санитарен и здравствен инспекторат да ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

Членот 2 е завршна одредба.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се овозможи постапката за порамнување да ја води Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ Бр. 16/13 и 39/14) ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 17

(1) Приходите од изречените прекршоци за здравствените установи и одговорните лица согласно со овој закон се приходи на Буџетот на Република Македонија.

(2) Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

(3) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

(4) Надзорот над спроведувањето на прекршочните одредби од овој закон ги врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат.